Leaders for Education, Activism and Development

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

КАКВА ПРОМЕНА НАПРАВИВМЕ ВО 2024?

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Веруваме во лична одговорност кај луѓето за:

- Средината во која живееме
- Работите за кои се нафаќаме
- Состојбата во која се наоѓаме

## МОЖНОСТИ КОИ ГИ НУДИМЕ

### 01 ЕДУЦИРАЈ СЕ!

Преку нашите програми за стекнување на вештини за млади

### 02 АКТИВИРАЈ СЕ!

Преку нашите активни повици за тренинзи, настани и ангажмани во земјата и надвор

### 03 РАЗВИЈ СЕ!

Преку годишните програми за наставници и млади на **LEAD**

# ВОВЕД

Во текот на 2024 година, нашата организација продолжи да ја унапредува својата мисија и визија, насочени кон создавање можности за младите и наставниците преку едукација, активизам и развој. Водени од нашите вредности, лична одговорност, инклузивност и посветеност кон заедницата, се фокусиравме на создавање значајни промени во образованието, младинското учество и одржливиот развој.

**Зајакнување на внатрешните капацитети** беше значаен фокус за нас бидејќи се стремиме континуирано да растеме и да се развиваме.

**10** развиени документи и процедури од стратешка важност за ЛЕАД

**15** развиени комуникациски цели за зголемена видливост на резултатите

**Ученичкото учество и активизам** остануваат во фокусот на работа на ЛЕАД, преку директно вклучување на учениците и наставниците во процеси кои се од значење за нив.

**67** опфатени училишта преку соработка на заеднички активности

**407** ученици вклучени во процеси за младинско учество и активизам

**23** наставника, подготвени да понудат менторска поддршка на учениците

**Развојот на образовните процеси во училиштата и компетенциите на наставниците** континуирано го негувавме преку едукативни можности за наставниците од основните и средните училишта

**1900** наставника вклучени во едукативни активности

**26** едукативни можности наменети за наставници

**Личниот и социјален развој на младите** го унапредувавме преку нудење активности за учење преку практикување и искуство.

**290** млади директно вклучени во развојни програми

**25** проекти, иницирани и реализирани од млади

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:

## ВНАТРЕШНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

*Горди сме на следново:*

- Развивме механизми преку кои ќе се гарантира дека сите вработени, соработници и учесници во активностите на ЛЕАД ќе се придржуваат до начелата на нулта толеранција за насилство и дискриминациј;
- Ја унапредивме механизмите за следење и унапредување на перформансот на вработените и влијанието на овие механизми врз платите на вработените;
- Ги унапредивме методологиите кои ќе бидат застапени во активностите на ЛЕАД со цел да го унапредиме влијанието кое го постигнува работењето на организацијата;
- Развивме долгорочна и темелна комуникациска стратегија за организацијата, која се базира на спроведена анализа на комуникациските капацитети на организацијата, потребите на програмите на ЛЕАД и анализа на трендивте во областа.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА

Тргнувајќи од стремежот за континуиран развој на развој на организацијата и начинот на работа и функционирање, во 2024 ги зајакнавме процедурите, правилниците и методологиите за работење на организацијата, како за финансиското, така и за канцеларискиото и програмското работење. Создадовме и усвоивме нови правилници кои уредуваат различни материи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **3** | **2** | **4** |
| воспоставен систем за уредување на платите на вработените и мерење на нивниот перформанс | нови правилници за спречување дискриминација и насилство и за спречување конфликт на интерес | нови механизми за пријавување случаи на дискриминација , насилство и конфликт на интерес | нови методологии за работа со корисниците на активностите на ЛЕАД |

# LEADING FORWARD: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Проектот е фокусиран на зајакнување на внатрешните капацитети на организацијата за подобрување на нејзината ефикасност во развојот на граѓанскиот активизам кај младите и влијанието на заедницата и понуда на нови пристапи услуги. Внатрешен развој на капацитети во рамките на LEAD за оптимизирање на испораката на услуги и механизмите за поддршка. Подобрување на организационите способности за ефикасно нудење и промовирање услуги за своите корисници

**Партнери:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **15** | **3** | **1** |
| анализа на комуникациските капацитети и потреби на организацијата | поставени комуникациски цели | развиени комуникациски стратегии | развиен план за промоција за периодот 2024 - 2025 година |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:

## УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

*Горди сме на следново:*

- Ја зголемивме видливоста и препознаеноста на наградата за средношколско учество „најГЛАСни“, преку доближување на истата до училиштата во сите региони, како и преку обезбедување поддршка за нејзино спроведување од Министерството за образование и наука;
- Го проширивме ко-менаџмент моделот за носење одлуки во средните училишта на регионално ниво, воспоставувајќи го во средни училишта во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово;
- Развивме и имплементиравме нови модели за да ги запознаеме и вклучиме средношколците во училишните процеси на креативен начин, преку активирање на училишните клубови и спроведување на симулации каде учениците управуваат со училиштето на еден ден, во форма на симулација на процес на носење одлуки.

## НАЈГЛАСНИ!

Награда за средношколско учество, како признание за активноста и работата на Ученичките заедници во насока на унапредување на положбата на учениците во своите училишта и вклучување во училишните процеси. Наградата за средношколско учество се доделува на годишно ниво, на ученичка заедница која демонстрира активност и посветеност кон унапредување на училишната демократија.

**Партнери:** Фондација Конрад Аденауер

| 34 | 2 | 175 | 90 |
|---|---|---|---|
| училишта вклучени во базата на претставници-одговорни за Ученичките заедници | спроведени кампањи за избор на ученички претставници во училиштата | ученици вклучени во обуки за управување со Ученичките заедници | вклучени ученици во регионални презентации на програмата |

## МЛАДИНСКИ КЛУБОВИ ЗА УЧЕСТВО

Преку проектот ги зајакнавме капацитети на 15 средношколци за реализација на проекти, управување со средношколски клубовите и креирање позитивни општествени промени, преку организација на обука за развој на иницијативи кои покриваат важни социополитички теми кои не се доволно дискутирани (Контроверзни теми). Секој од вклучените Училишните клубови од 5 училишта спроведоа свои иницијативи во рамки на средните училишта, а дополнително, беше изработен и водич за управување и организирање на средношколските клубови.

**Партнери:** Агенција за млади и спорт

| 15 | 5 | 5 | 1 |
|---|---|---|---|
| ученици со стекнати вештини за управување со клубовите и креирање позитивни промени | наставника со зајакнати капацитети за поттикнување активност на средношколските клубови | иницијативи спроведени од средношколцит е од вклучените средношколски клубови | развиен водич за управување и организирање на средношколски клубови |

# КО-МЕНАЏИРАНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Проектот воведува модел на партиципативно управување каде што на иста маса учениците, наставниците, стручната служба, директорот и родителите разговараат, што им дава глас на учениците во процесите на донесување одлуки. Моделот за заедничко управување беше развиен во соработка со ученици, наставници и училишни администратори од 10 средни училишта во С. Македонија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија.

**Партнери:** Европска комисија со рамки на програмата Еразмус+

| 1 | 30 | 10 | 100 |
|---|---|---|---|
| развиен модел на ко-менаџмент тела наменет за средни училипшта | ученици и наставници обучени за управување со телото | воспоставени ко-менаџмент тела во вклучените средни училишта | ученици вклучени во работата на ко-менаџмент телата |

# КОГА УЧЕНИЦИТЕ ОДЛУЧУВААТ

Проектот има за цел да го унапреди учеството на учениците во процесите на носење одлуки во средните училишта. Проектот вклучи учесници и наставници од четири средни училишта кои земаа учество на тридневен подготвителен тренинг каде учесниците ги зајакнаа своите капацитети за демократско учество. Дополнително, во секое училиште беа спроведени два еднодневни настани „Кога учениците одлучуваат“, во форма на симулација каде при секој настан 10 ученици беа во улога на раководно тело кое носи одлуки во училиштето. Преку симулацијата, вклучените ученици поблиску се запознаваат со работата на училишните служби и со процесите на носење одлуки.

**Партнери:** Совет на Европа преку Европска младинска фондација

| 2 | 32 | 8 | 165 |
|---|---|---|---|
| спроведени тренинга за градење капацитети и подготовка на симулациите | ученици и наставници со зајакнати капацитети за носење одлуки во училиштата | спроведени симулации на процесот на носење одлуки во училиштата | ученици вклучени во симулациите |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:

## ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС И КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

*Горди сме на следново:*

- Значително го зголемивме опфатот на училишта во рамки на програмата „Клуб на наставници“, а особено бројот на училишта кои инвестираат од училишниот буџет за да го поддржат членството на нивниот наставен кадар во програмата;

- Го зголемивме бројот на обуки предвидени во програмата „Клуб на наставници“, а спроведовме и повеќедневен, интензивен тренинг со кој ги градивме капацитетите на наставниците за спроведување на тренинзи и за работа со ученици користејќи коучинг методи;

- Циклусот на вебинари наменети за наставници од основни и средни училишта постигна рекорден опфат на вклучени наставници. Вебинарите беа спроведени од искусни професионалци во секоја од темите на вебинарот, а квалитетот на истите беше оценет како навистина висок.

# КЛУБ НА НАСТАВНИЦИ

За да им обезбедиме на наставниците можности за континуиран личен и професионален развој, ја креиравме програмата „Клуб на наставници“. Преку програмата наставници од средни и основни училишта ги зајакнаа своите капацитети, преку професионални тематски обуки. Дополнително, за вклучените наставници беше креирана и дисеминирана база на едукативни материјали и дополнителни алатки за олеснување на наставата во училиштата.

**Партнер:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

**125**
наставници вклучени во програмата како членови

**19**
организирани обуки за наставниците вклучени во програмата

**1**
тренинг за тренери и за коучинг организиран за наставници

**50**
прирачници, публикации и истражувања дисеминирани до вклучените наставници

# ИНВЕСТИРАЈ ВО СВОЈОТ РАЗВОЈ

За зајакнување на капацитетите на наставниците, организиравме серија на бесплатни вебинари, специјално дизајнирани за наставници, каде можеа да добијат вештини кои можат да ги применат во својот живот и кариера. Секој од вебинарите беше креиран за да одговори на реалните предизвици со кои се соочуваат наставниците и да им помогне да бидат поподготвени за иднината. Наставницијa добија практични вештини кои им помогнаа да управуваат со личните финансии, да се заштитат онлајн, да се промовираат на фриленсинг пазарот и да ги искористите можностите што ги нуди вештачката интелигенција.

**4**
организирани вебинари на четири различни теми релевантни за наставниците од основни и средни училишта

**1800**
наставници од основни и средни училишта вклучени во вебинарите

**4**
експерти вклучени како предавачи на вебинарите

**4**
пакет материјали од вебинарите дисеминирани до вклучените наставници

# ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДРУШТВЕНАТА ИГРА „ИЗБОРОЛОГИЈА“ ВО НАСТАВА

„Изборологија“ е прва он-лајн друштвена игра за политичка едукација во нашата земја. Преку играта корисниците имаат можност поблиску да се запознаат со политичкиот систем, да разберете како функционира парламентарната демократија, како се спроведуваат изборите за пратеници во Собранието и на кој начин политичките партии учествуваат во парламентарните избори во нашата земја. Играта има едукативен, но и забавен карактер, која нуди уникатвно образовно искуство за играчите. Преку серија на обуки и практична примена на наученото преку сесии за играње, обучивме наставници од средни училишта да ја користат играта во својата настава.

**Партнер:** Фондација Конрад Аденауер

| 3 | 8 | 16 | 80 |
|---|---|---|---|
| спроведени обуки за користење на играта „Изборологија“ | наставници вклучени во обуките за користење на „Изборологија“ | спроведени сесии за едукација со користење на „Изборологија“ | ученици вклучени во турнир во играње на играта „Изборологија“ |

# СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:

## ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

*Горди сме на следново:*

- Програмата UpShift постигна големо влијание врз вклучените училишта, ученици, наставници и локални заедници, преку социјалните иновации кои беа развиени од самите средношколци вклучени во програмата;
- Значително го унапредивме користењето на моделот на услужно учење овозможувајќи им на учениците од средните училишта да ги применат вештините стекнати на училиште, придонесувајќи кон своите локални заедници;
- За прв пат воспоставивме соработка и финансиски ги поддржавме воспоставените младински центри и младинските работници од истите за развој на вештините за циркуларна економија кај младите од локалните средини;
- По прв пат во Северна Македонија започнавме со примена на OWIS методологијата која е развиена од образовни експерти од Чешката република.

# UPSHIFT-ERS FOR AIR QUALITY

UPSHIFT е програма за социјални иновации која се базира на решавање на потребите на средните училишта и локалната заедница во делот на климатските промени и заштита на животната средина. Програмата ги вклучува младите во општествените процеси со тоа што им дава водство во поглед на идентификација на проблемите во нивната заедница, и потоа заедно со заедницата создава решенија, услуги или производи со кои се адресираат тие проблеми.

**Партнер:** UNICEF и Фонт за иновации и технолошки развој

| 3 | 30 | 150 | 15 |
|---|---|---|---|
| спроведени циклуси од програмата за социјални иновации | училишта вклучени во програмата | ученици од средни училишта вклучени во програмата | социјални иновации развиени во рамки на програмата |

# ОД УЧЕЊЕ ВО УЧИЛНИЦАТА ДО ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА

Проектот се базира на концептот на услужно учење, едукативен пристап каде што ученикот ја поврзува теоријата и знаењата стекнати во училишните клупи преку конкретна активност и проект кој е наменет за влијание во општеството, односно го користи она што го учи на училиште за да спроведе проект со кој позитивно ќе придонесе кон околината.

**Партнер:** Смарт Балканс- Норвешка амбасада

| 5 | 25 | 5 | 5 |
|---|---|---|---|
| средни училишта вклучени во програмата | ученици, поделени во 5 тима, вклучени во спроведување на проекти базирани на услужно учење | наставника вклучени како ментори на ученичките тимови вклучени во проектот | спроведени проекти базирани на концептот на услужно учење |

# ИНОВАЦИСКИ КАМПОВИ

Проектот „Иновациски кампови во соработка со мрежата за искуствено учење“ (скратено InnoCamps) има за цел да ги поттикне студентите по природни науки да развиваат социјални иновации насочени кон решавање на предизвиците поврзани со работата на 5 научнообразовни институции од Мрежата за искуствено учење.

**Партнер:** UNICEF

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** хакатони (иновациски кампови) спроведени со студенти | **4** членови на мрежата за искуствено учење вклучени како партнери | **90** студенти вклучени во хакатоните | **4** социјални иновации развиени во рамките на програмата |

# ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И МЛАДИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ПРЕКУ ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА

Проектот е насочен кон ефективно започнување или развивање на иновативни модели на циркуларна економија, вклучително и иницијативи за соработка помеѓу ГО, властите и бизнис заедницата. Проектот, поддржува иницијативи за намалување на отпадот, повторна употреба, рециклирање и надградба, поттикнувајќи промена во однесувањето. Со пристапот „учење низ работа“ на младинските центри, младите, наставниците и учениците овозможено им е градење на капацитетите и опрема за спроведување на иницијативи за циркуларна економија и интеграција во стручното образование.

**Партнер:** IPA Civil Society Facility Programme 2022-2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8** младински центри вклучени како партнери во проектот | **115** млади вклучени во работилници базирани на OWIS методологијата | **45** млади вклучени во ученички тимови за спроведување на локални иницијативи | **5** спроведени младински локални иницијативи |

lead.mkd
www.lead.org.mk
@lead.mk
info@lead.org.mk